Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 10 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија” бр. 96/18), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 27 март 2019 година донесе

**ПРАВИЛА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА**
**ПРАВИЛАТА ЗА ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

**Член 1**

Во Правилата за пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/14, 42/14, 57/14, 194/14, 190/16, 80/17, 172/17, 197/17, 115/18 и 241/18), членот 135, се менува и гласи:

**„Член 135**

(1) Прилог 3, Методологија за пресметка на активирана балансна енергија и Прилог 4, Методологија за пресметка на порамнување на отстапувања на балансно одговорните страни, ќе се применуваат од 1 јули 2019 година.

(2) Во периодот од 1 април 2019 година до 30 јуни 2019 година, ОПЕЕ е должен, по претходно добивање на податоци од ОЕПС и ОДС, да врши пресметка на надоместокот за отстапувањата и истите да ги доставува до балансно одговорните страни.

(3) Од 1 јули 2019 година нема да се применува Прилог 1, Методологија за пресметка на надоместокот за услугите за урамнотежување.“

**Член 2**

Овие Правила за изменување и дополнување на Правилата за пазар на електрична енергија влегуваат во сила со денот на донесување, а се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

**Бр. 01-602/1**
**27 март 2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Марко Бислимоски**